Предлагач: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ,

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, февруари 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 07. 02. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 08 | 751/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

ПРАТЕНИЦИ:

Љупчо Пренџов

Бобан Карагеровски

Александар Јаначков

Бојан Стојаноски

Sahim Sulejmani

Бране Петрушевски

Моника Тројановиќ

Весна Ѓоргиева

Каролина Наковска

Емилија Алексова

Катерина Димитровска

Јулија Пушевска

Златко Ленков

Марија Станковиќ

Драгана Арсова

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), се уредуваат работните односи меѓу работниците и работодавачите кои се воспоставуваат со склучување на договор за вработување, при што работниот однос се уредува со овој и со друг закон, колективен договор и договорот за вработување.

Република Северна Македонија се соочува со голема недоверба во правосудниот систем. Како една од причините за таквата перцепција од страна на јавноста е и намалената ефикасност на судските постапки, начело кое е предвидено во сите процесни закони како што се Законот за парничната постапка, Законот за кривичната постапка и Законот за управните спорови. За ваквата состојба најголема улога има дефицитот на судиите и јавните обвинители. Имено, моменталната состојба во однос на бројот на судии и јавни обвинители кои ја извршуваат соодветната функција е речиси двојно помала од она што е предвидено како потребен број на судии и јавни обвинители согласно со подзаконските акти на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители.

Во насока на детално утврдување на потребниот број на судиски места по судовите во државава, а врз основа на поголем број параметри, Судскиот совет во првата половина од 2024 година изготвил Анализа на потребните судиски места при што евидентен е огромен недостаток на судии. Утврдено е дека од потребните 434 судии, во моментот се пополнети 274 судиски места. Ако на ова се имаат предвид и податоците дека до крајот на 2024 година се пензионирале дополнително 11 судии, а до крајот на 2025 година ќе се пензионираат 15 судии и до крајот на 2026 година уште 14 судии, односно до крајот на 2026 година ќе се пензионираат вкупно 40 судии, со што дополнително се загрозува состојбата во судството. Во одредени градови (Крушево, Берово) нема ниту еден судија.

Во извештаите за евалуација на правосудните системи на државите членки на Советот на Европа, изготвени од страна на Европската Комисија за ефикасност на правдата (CEPEJ), забележан е трендот на намалување на стапката на решени предмети, како и зголемување на стапката за потребни денови за решавање на предметите во граѓанските, кривичните и управните предмети во државата. Според Извештајот за Северна Македонија за 2024 година на Европската Комисија, зголемениот дефицит на човечки ресурси во правосудството предизвикува загриженост за влијанието врз квалитетот и ефикасноста на правдата.

Состојбата со кадарот во јавното обвинителство е значително полоша. Согласно Одлуката за определување на бројот на јавните обвинителства и јавни обвинители во јавните обвинителства, бројот на јавните обвинители според систематизацијата треба

да изнесува 287, а пополнети се 183 места. Во одредени градови (Крива Паланка, Ресен, Берово) нема ниту еден јавен обвинител.

Притоа, за да се пополнат празните мета во судовите и јавните обвинителства според одредбите од Законот за судовите и Законот за јавното обвинителство, за судија на основен суд и јавен обвинител во основно јавно обвинителство може да биде избрано лице кое ја завршило почетната обука на Академијата за судии и јавни обвинители. Процесот за влез во Академијата, обуката, полагање на испити и изборот во праксата трае неколку години.

Имајќи во предвид дека состојбата во правосудството од аспект на кадровската екипираност е алармантна, а последиците се на штета на граѓаните и ова претставува еден од факторите кои влијаат врз ефикасноста, квалитетот и пристапот до правда, потребно е изнаоѓање на побрзо решение за да се надмине овој горлив проблем.

Начин на кој овие проблеми би можеле да се надминат во што е можно пократок рок е да се даде можност за продолжување на судската и јавно-обвинителската функција и по исполнување на утврдената старосна пензија, односно до 67 години возраст, за што постои и законски основ во посебните закони кои ја регулираат оваа област.

Во членот 73 од Законот за судовите (“Службен Весник на Република Македонија" бр. 58/2006, 62/2006, 35/2008, 61/2008, 118/2008, 16/2009, 150/2010, 39/2012, 83/2018, 198/2018 и “Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019) и во членот 57 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (“Службен весник на РСМ" бр. 102/2019 и 51/2023) предвидена е можност за продолжување на мандатот на судиите по исполнување на услови за старосна пензија, во согласност со прописите од работните односи. Во членот 87 од Законот за јавното обвинителство (“Службен весник на РСМ“ бр. 42/2020) и членот 47 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (“Службен весник на РСМ" бр. 150/2007, 100/2011 и 42/2020) исто така е предвидена можност за продолжување на мандатот на јавните обвинители, во согласност со Законот за работните односи, односно прописите за работните односи.

Во наведените закони постои експлицитен правен основ за продолжување на судиската функција како и на функцијата јавен обвинител и по исполнување на правото на старосна пензија, по сопствена барање на судијата, односно јавниот обвинител. Овие закони упатуваат на Законот за работни односи, со оглед на тоа дека во нив е само предвидена можност за продолжување на функцијата судија и јавен обвинител, со тоа што постои потреба ова да биде предвидено и конкретизирано во Законот за работните односи.

Затоа, предлагаме во Законот за работните односи да се додаде нов член со кој ќе се предвиди можност за продолжување на мандатот на судиите и јавните обвинители до 67 годишна возраст, по нивно барање односно изјава од страна на судијата и јавниот обвинител и решение од Судскиот Совет за судиите и Советот на јавните обвинители за јавните обвинители, како што е предвидено во Законот за Судскиот совет и Законот за Советот на јавните обвинители. Така, на идентичен начин ќе се реши прашањето за продолжување на мандатот и на судиите и на јавните обвинители, како што и упатуваат *lex specialis* законите што се однесуваат на функцијата судија и функцијата јавен обвинител.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи се очекува креирање на можност за брзо и времено надминување на проблемот со дефицитот на судии и јавни обвинители и консеквентно на тоа подобрување на ефикасноста на судските постапки, како и пристапот до правда за граѓаните.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на овој закон не повлекува финансиски импликации и за донесување на истиот не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Овој закон не предизвикува материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на Закон по скратена постапка.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), во членот 104 зборот „друг“ се брише.

Член 2

По членот 104 се додаваат нов наслов и нов член 104-а, кои гласат:

„Продолжување на работен однос на избрани и именувани лица

Член 104-а

(1) По исклучок од член 104 од овој закон, лице кое остварува права од работен однос врз основа на одлука за избор или именување од надлежен орган, во согласност со законот што ги утврдува неговите права и обврски кои произлегуваат од вршењето на функцијата, има право да побара да продолжи со вршење на функцијата и по исполнување на условите за старосна пензија, а најмногу до 67 години возраст, со писмена изјава до органот кој го избрал или именувал.

(2) Писмената изјава од ставот (1) на овој член, лицето ја дава еднаш годишно, а најдоцна до 31 август во тековната година за продолжување на вршењето на функцијата за наредната година.“

Член 3

Лицата од член 2 од овој закон, со кој се додава нов член 104-а, кои согласно со законите што ги утврдуваат нивните права и обврски кои произлегуваат од вршењето на функцијата, во 2025 година, по влегувањето во сила на овој закон, ќе ги исполнат условите за старосна пензија, односно ќе навршат 64 години возраст, имаат право да поднесат писмена изјава за продолжување на вршењето на функцијата, согласно со одредбите од членот 2 од овој закон, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи содржи 4 члена.

Со членот 1 се менува постојниот член 104 од Законот за работните односи кој го уредува прашањето на прекин на договорот за работа кога работникот ќе ги наврши годините на живот коишто се уредени како услов за стекнување право на старосна пензија согласно одредбите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Со членот 2 по членот 104 се додава нов член 104-а со кој се предлага лицата кои остваруваат права од работен однос врз основа на одлука за избор или именување од надлежен орган, во согласност со законите што ги утврдуваат нивните права и обврски кои произлегуваат од вршењето на функцијата, да имаат право да побараат да продолжат со вршење на функцијата и по исполнување на условите за старосна пензија, а најмногу до 67 години возраст, со писмена изјава до органот кој ги избрал или именувал, како и се уредува начинот на давање на писмената изјава. При тоа, продолжувањето на вршењето на функцијата на избраното или именуваното лице треба да е во согласност со законот што ги утврдува неговите права и обврски, односно во законот да биде дадена можност за продолжување на мандатот согласно со прописите за работните односи.

Со членот 3 се уредува преодна одредба за рокот за давање на писмената изјава на лицата од членот 2 од овој закон кои согласно со законите што ги утврдуваат нивните права и обврски кои произлегуваат од вршењето на функцијата, во 2025 година, по влегувањето во сила на овој закон, ќе ги исполнат условите за старосна пензија, односно ќе навршат 64 години возраст.

Со членот 4 е уредено влегувањето во сила на овој закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи се меѓусебно поврзани со одделни одредби од Законот за работните односи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесувањето на Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи ќе се зајакнат капацитетите на институциите на правосудниот систем со што ќе се изврши брзо и времено надминување на проблемот со дефицитот на судии и јавни обвинители и аналогно на тоа, подобрување на ефикасноста на судските постапки, како и пристапот до правда за граѓаните.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ ШТО СЕ МЕНУВААТ

Прекин на договорот за работа поради возраст на работникот

Член 104

Договорот за вработување работодавачот го прекинува кога работникот ќе наполни 64 години возраст и 15 години пензиски стаж, доколку со друг закон поинаку не е уредено.